Врз основа на член 22 став (1) точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 11 став (1) алинеа 7 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и 65/23) и член 83 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 2/21 и 5/21), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 26.12.2024 година, донесе:

**Предлог-Програма за активностите на Општина Гевгелија во областа на социјалната заштита за 2025 година**

| | |
|---|---|
| Наслов на програмата: Предлог-Програма за активностите на Општина Гевгелија во областа на социјалната заштита за 2025 година | |
| Град/општина | Општина Гевгелија |
| **Сектор** (организациона единица) **надлежен за спроведување на програмата** | Одделение за социјална, здравствена, детска и други заштити, култура и спорт |
| **Вид на програмата** | ☒ Хоризонтална<br>☐ Вертикална |
| **Правен основ** | ✓ Законски основ:<br>- Закон за локална самоуправа;<br>- Закон за социјалната заштита;<br>- Закон за заштита на децата;<br>- Закон за спречување и заштита од дискриминација;<br>- Закон за еднаквите можности на жените и мажите.<br>✓ Обврски од Национални стратегии и други правни документи:<br>- Национална стратегија за родова рамноправност 2022 - 2026 година;<br>- Интегрален развоен локален план на Општина Гевгелија 2024-2027;<br>- Социјален план на Општина Гевгелија 2023 - 2026 година;<br>- Правилник за утврдување критеритуми, услови и постапка за доделување еднократна парична помош;<br>- Одлука за субвенционцирање на потрошувачката на основните комунални услуги. |
| **1. Вовед/опис на програмата** | Согласно Законот за социјалната заштита, надлежноста на Општините од областа на социјалната заштита се реализира со Годишна програма за потребите на жените и мажите, граѓаните од областа на социјалната заштита. Во Програмата, Општината предвидува активности и финансиски средства за реализација на истите. Активностите се во насока на преземање мерки кои ќе придонесат за подобрување на условите за живот на жените и мажите- граѓани во локалната заедница, особено, на најзагрозените и социјално-исклучени жени и мажи. |

| | |
|---|---|
| | Со Програмата за социјална заштита, Општина Гевгелија ги штити социјално-најранливите жени и мажи кои, поради неповолни лични или социјални околности, не се во можност сами да ги задоволат своите основни животни потреби. |
| **2. Процес на донесување на програмата или идентификување на точки за подобрување** | Почетната точка за донесување на Програмата е обврската на локалната самоуправа за имплементација на Законот за социјална заштита, како и спроведените анализи за социјално-ранливите категории во Социјалниот план на Општина Гевгелија 2023-2026 година, родово-разделени статистички и добиени секундарни податоци од ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа- Гевгелија и средби на Градоначалникот со претставници за идентификување на потребите на Здруженијата на социјално- ранливи категории граѓани и јавна расправа оддржана на ден 16.12.2024 година, во рамки на креирање за Буџетот на Општина Гевгелија за 2025 година.<br>Според податоците од ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Гевгелија, состојбата со социјалната заштита по број на корисници во општина Гевгелија е следна:<br>- Гарантирана минимална помош за лица материјално-необезбедени, работоспособни и за лица неспособни за работа до 65 години, потврдено со наод и мислење од соодветна комисија, примаат 177 домаќинства (М- 94 и Ж-83);<br>- Паричен надоместок за помош и нега од друго лице примаат вкупно 1210 корисника;<br>- Надоместок за попреченост примаат 106 корисника (М-48 и Ж-58);<br>- Надоместок на плата за скратено работно време поради нега на дете со попреченост и најтешки облици на хронични заболувања примаат 5 домаќинства (М-1 и Ж-4);<br>- Правото на социјална сигурност за стари лица го користат 53 корисника (М-25 и Ж-28);<br>- Право на здравствена заштита го користат 23 лица (М-12 и Ж-11);<br>- Гарантиран детски додаток примаат 56 корисника (М-10 и Ж-46);<br>- Посебен додаток примаат 50 корисника (М-12 и Ж-38);<br>- Родителски додаток за трето дете примаат 139 жени.<br>Во 2023 година, согласно податоците од Министерството за внатрешни работи на РСМ, во Општина Гевгелија биле пријавени 91 случај со елементи на семејно насилство. Од вкупната бројка, најголем број жртви на семејно насилство се жени – 75, а 16 жртви мажи.<br>До половината на 2024 година (јуни), биле пријавени 58 случаја со елементи на семејно насилство, во коишто 75 жртви се жени, а 7 мажи.<br>Во 2024 година во ЈУМЦСР Гевгелија се евидентирани 102 случаја со елементи на семејно насилство. Од вкупната бројка, ЈУМЦСР Гевгелија постапил по 94 пријави од ОВР ПС Гевгелија, 1 пријава од ЈЗУ Општа болница со проширена дејност- Гевгелија и 7 лични пријави. Од вкупниот број случаи, за 19 е водена судска постапка со изрекување привремени мерки. Најголемиот број на жртви се однесува на жени и тоа 93, 8 жртви се мажи и 1 малотетник (машко). |

| | |
|---|---|
| | Податоци од Општина Гевгелија:<br>- Во текот на 2024 година, во Општина Гевгелија било поднесено 133 барање за исплата на еднократна парична помош за новороденче. Согласно изготвените решенија за исплата на еднократна парична помош за новороденче, во текот на 2024 година, се родило 133 дете, од кои 69 машки и 64 женски. За прво дете, извршени се 69 исплати на еднократна парична помош во висина од по 6.000 денари, за второ 56 во висина од по 6.000 денари, за трето 7 исплати во висина од по 12.000 денари, како и 1 исплата за седмородено дете, во висина од по 12.000 денари.<br>- Во текот на 2024 година, до Општина Гевгелија пристигнале 165 барања за еднократна парична помош. Врз основа на поднесената документација (медицинска или потврда од надлежна институција за социјалната положба на барателот), на 165 лице, жители на општина Гевгелија, од кои, 68 мажи и 97 жени, им е исплатена еднократна парична помош. Најголем број од доставените барања (110) се однесуваат за еднократна парична помош за лекување.<br>- Пред новогодишните празници, Општина Гевгелија традиционално за децата од основните училишта, чии родители се корисници на минимална гарантирана помош, како и за штитениците на Дневниот центар за лица со посебни потреби- Гевгелија, обезбедува новогодишни пакетчиња. Согласно доставениот список од ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјална работа, обезбедени се новогодишни пакетчиња за 32 деца од социјално-ранливи категории семејства, од кои 16 момчиња и 16 девојчиња и за 13 лица од Дневниот центар за лица со посебни потреби- Гевгелија, од кои 9 машки и 4 женски лица. Додека, за лицата со посебни потреби во Центарот „Мајка Тереза“- Гевгелија, Општина Гевгелија обезбеди сет прибор и материјали за спроведување на окупационите активности.<br>- Општина Гевгелија во 2024 година субвенционираше 27 лица, корисници на гарантирана минимална помош и социјална пензија, кои ја плаќаат сметката за вода што не надминува повеќе од 20 метри кубни месечно и тоа на 11 жени и 16 мажи, врз основа на доставено барање од ЈПКД „Комуналец“- Гевгелија за платената фактура.<br>- Општина Гевгелија го обезбедува превозот на лица со посебни потреби кои го посетуваат Дневниот центар за лица со посебни потреби- Гевгелија. Превозот се врши со специјализирано возило кое е сопственост на општината а е донација од Фондација „Ице Бегов“ Скопје. Вкупната бројка на корисници на оваа мерка беа 18 деца, штитетници на Дневниот центар за лица со посебни потреби во Гевгелија, од кои 15 машки и 3 женски.<br>- Општина Гевгелија во 2024 година ги субвенционираше режиските трошоци (електрична енергија, вода, интернет) на Заедницата на инвалидските организации во општина Гевгелија врз основа на месечните фактури доставени до Општина Гевгелија.<br>- Учениците од основните училишта на подрачјето на општина Гевгелија чии родители се корисници на социјални права користат бесплатен оброк, по список добиен од ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Гевгелија. |

| **3. Цел на програмата или цели и опис** | Со Програмата за активностите на Општина Гевгелија во областа на социјална заштита се предвидуваат активностите во областа на социјалната заштита да бидат насочни кон остварување на следните приоритетни цели:<br>- обезбедување активен однос на Советот на Општина Гевгелија кон задоволување на потребите и интересите на жените и мажите во областа на социјалната заштита;<br>- подобрување на стандардот на жените и мажите;<br>- изнаоѓање форми за социјализација на маргинализирани групи;<br>- инклузија на жени и мажи - лица со посебни потреби во сферата на општественото живеење;<br>- еднакви можности на жените и мажите во остварувањето права од социјалната заштита. |
|---|---|
| **4. Мерки (или тематска област)** | |

**МЕРКА 1- ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ГРАЃАНИТЕ НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**

4.1. Активности кои треба да се преземаат за постигнување на мерката - опис на активностите, односно кои чекори ќе се преземаат за реализација на активноста:

**4.1.1. Еднократна парична помош за новородено дете**

Општина Гевгелија ќе доделува еднократна парична помош за женски и машки новородени деца во текот на 2025 година, чии родители се со постојано место на живеење на подрачјето на општина Гевгелија и да е родено во Република Северна Македонија. Паричната помош од Општина Гевгелија изнесува 6.000,00 денари за новородено дете и 12.000,00 денари за третородено дете и секое наредно новородено дете и 20.000,00 денари за прво новородено дете во тековната годината на подрачјето на РСМ, чии родители се жители на општина Гевгелија.

Барателот е потребно со барањето за доделување на еднократна парична помош да достави:
- копија од лична карта на родителите,
- извод од матична книга на родените (за новороденчето, за трето дете-извод за сите три деца),
- копија од трансакциска сметка.

Ова право го остваруваат и родители на посвоени деца.

За прво новородено дете во тековната годината податоци доставува Управа за водење на матични книги, Подрачно одделение Гевгелија.

| Активност | Индикатори | Резултати | Временска рамка | Буџет | Носител на активност | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Еднократна парична помош за новородено дете | - финансиски средства;<br>- бр. на поднесени барања;<br>- бр. на новородени машки и женски лица во општина Гевгелија. | - зголемен наталитет во општина Гевгелија; | јануари - декември 2025 | 1.200.000 ден. | - Одделение за социјална, здравствена, детска и други заштити, култура и спорт;<br>- Одделение за финансии. | |

### 4.1.2. Еднократна парична помош за социјално- загрозени лица, жени и мажи жители на општина Гевгелија

Општина Гевгелија доделува еднократна парична помош за задоволување на потребите на лице- жена и маж или семејство кое се нашло во положба на социјална односно материјална загрозеност (невработени, приматели на гарантирана минимална помош, социјална пензија, лица без приходи), на физички лица за лекување во државата и во странство, а кои не се во можност финансиски да ги покријат трошоците за лекување, за смртен случај во семејства кои не се во можност финансиски да ги покријат трошоците за истиот и жртви на семејно насилство.

Еднократната парична помош се доделува еднаш годишно.

Составен дел на барањето за еднократна парична помош (во зависност од барањето) е:
- копија од важечка лична карта на барателот;
- медицинска документација со која барателот располага не постара од 6 месеци;
- потврда од ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Гевгелија (приматели на гарантирана минимална помош и социјална пензија;
- потврда од Центар за вработување Гевгелија (невработени);
- потврда од Фонд за пензиско и инвалидско осигурување дека не се приматели на пензија;
- потврда од Основен суд Гевгелија за изречена привремена мерка на сторителот (жртви на семејно насилство);
- извод од матична книга на умрените (во рок од 3 месеца од смртниот случај).

| Активност | Индикатори | Резултати | Временска рамка | Буџет | Носител на активност | Забелешка |
| --- | --- | --- | --- | --- | --- | --- |
| Еднократна парична помош за социјално-загрозени лица, жени и мажи жители на општина Гевгелија | - финансиски средства;<br>- бр. на поднесени барања од жени и мажи по категории;<br>- бр. на жени и мажи кои го оствариле правото. | - подобрување /олеснување на положбата на жените и мажите од ранливи категории, жители на општина Гевгелија; | јануари - декември 2025 | 1.253.800 ден | - Одделение за социјална, здравствена, детска и други заштити, култура и спорт;<br>- Одделение за финансиски прашања;<br>- Комисија за доделување парична помош. | |

**4.1.3 Субвенционирање на потрошувачката на основните комунални услуги**

Оваа активност се однесува на жени и мажи- лица кои се корисници на гарантирана минимална помош, корисници на социјална пензија и лица со попреченост, жители на општина Гевгелија.

Корисникот го остварува надоместокот по основ на субвенција на дел од месечната сметка за комунални услуги - испорака на вода за пиење, издадена од давателот на услуга - ЈПКД „Комуналец“- Гевгелија, доколку:

- остварува право на гарантирана минимална помош или социјална пензија;
- е лице со попреченост;
- редовно ги плаќа сметките за потрошената вода;
- потрошувачката на вода не надминува повеќе од 20 м3 месечно.

| Активност | Индикатори | Резултати | Временска рамка | Буџет | Носител на активност | Забелешка |
| --- | --- | --- | --- | --- | --- | --- |
| Субвенционирање на потрошувачката на основните комунални услуги | - финансиски средства;<br>- бр. на поднесени барања од жени и мажи;<br>- бр. на машки и женски лица во општина Гевгелија на кои им е субвенционирана потрошувачката на основните комунални услуги. | - подобрување /олеснување на положбата на жените и мажите приматели на ГМП и социјална пензија во општина Гевгелија | јануари - декември 2025 | 150.000 ден. | - Одделение за социјална, здравствена, детска и други заштити, култура и спорт;<br>- Одделение за финансиски прашања;<br>- ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија. | |

**4.1.4. Обезбедување новогодишни пакетчиња за девојчиња и момчиња- деца чии родители се корисници на гарантирана минимална помош и девојки и момци- лица кои го посетуваат Дневниот центар за лица со посебни потреби и Дневниот центар „Мајка Тереза“.**

Оваа активност е предвидена за девојчиња и момчиња- деца, чии родители се корисници на гарантирана минимална помош и се жители на општина Гевгелија и девојчиња и момчиња кои ги посетуваат Дневните центри за лица со посебни потреби.

Меѓуопштинскиот Центар за социјална работа - Гевгелија, на барање од Општината, ќе достави список на лица кои можат да го остварат ова право.

| Активност | Индикатори | Резултати | Временска рамка | Буџет | Носител на активност | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Обезбедување новогодишни пакетчиња за девојчиња и момчиња- деца чии родители се корисници на гарантирана минимална помош и девојки и момци- лица кои ги посетуваат Дневните центри за лица со посебни потреби | - финансиски средства;<br>- бр. на кои девојчиња и момчиња- деца кои го оствариле правото | - еднакви можности на сите деца | декември 2025 | 106.200 ден. | - Одделение за социјална, здравствена, детска и други заштити, култура и спорт;<br>- Одделение за финансиски прашања. | |

**4.1.5. Доделување „Велигденски пакет“**

Лицата кои се корисници на правото на гарантирана минимална помош, жители на општина Гевгелија, имаат право на велигденски пакет.

Меѓуопштинскиот Центар за социјална работа - Гевгелија, на барање од Општината, ќе достави список на лица кои можат да го остварат ова право.

| Активност | Индикатори | Резултати | Временска рамка | Буџет | Носител на активност | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Доделување „Велигденски пакет“ | - финансиски средства;<br>- бр. на жени и мажи кои го оствариле правото | - помош на ранливи категории | април- мај 2025 | 50.000 ден. | - Одделение за социјална, здравствена, детска и други заштити, култура и спорт;<br>- Одделение за финансиски прашања. | |

**МЕРКА 2- ПОМОШ НА ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ**

4.2. Активности кои треба да се преземаат за постигнување на мерката - опис на активностите, односно кои чекори ќе се преземаат за реализација на активноста:

**4.2.1. Еднократна парична помош за родители на деца со попреченост**

Општина Гевгелија доделува еднократна парична помош за родители на деца со попреченост.
Еднократната парична помош се доделува еднаш годишно.
Составен дел на барањето за еднократна парична помош е:
- копија од важечка лична карта на барателот;
- копија од трансакциска сметка на барателот;
- наод и мислење од надлежна комисија.

| Активност | Индикатори | Резултати | Временска рамка | Буџет | Носител на активност | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Еднократна парична помош за родители на деца со попреченост | - финансиски средства;<br>- бр. на поднесени барања од жени и мажи;<br>- бр. на жени и мажи кои го оствариле правото. | - подобрување /олеснување на положбата на жените и мажите родители на деца со посебни потреби; | јануари - декември 2025 | 100.000 ден. | - Одделение за социјална, здравствена, детска и други заштити, култура и спорт;<br>- Одделение за финансиски прашања;<br>- Комисија за доделување парична помош. | |

**4.2.2. Набавка на помагала за лица со попреченост**

Општина Гевгелија ќе донира помагала на жени и мажи - лица со попреченост, со цел да им се помогне во извршување на нивните дневни активности и задоволување на нивните лични егзистенционални потреби.

Оваа активност ќе се спроведе во соработка и по препорака од Зрдужението „Мобилност“, Здружението на слепи лица, Здужението на глуви и наглуви лица од Гевгелија и Здружение центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост Порака Гевгелија.

| Активност | Индикатори | Резултати | Временска рамка | Буџет | Носител на активност | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Набавка на помагала за лица со попреченост | - финансиски средства;<br>- бр. на жени и | - подобрување /олеснување на извршувањето на | јануари - декември 2025 | 250.000 ден. | - Одделение за социјална, здравствена, детска и | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | мажи со попреченост кои добиле помагало | секојдневните потреби на жените и мажите со попреченост | | | други заштити, култура и спорт;<br>- Одделение за финансиски прашања; | |

**4.2.3. Обезбедување бесплатен превоз за лица со попреченост**

Оваа активност опфаќа бесплатен превоз на штитениците на Дневниот центар за лица со посебни потреби од нивните домови до Центарот и обратно, како и на сите други лица- жени и мажи со попреченост заради олеснување при извршување на нивните секојдневни обврски и подобрување на нивниот социјален живот и вклучување во општеството. Право накористење на превозот имаат и нивните придружници.

| Активност | Индикатори | Резултати | Временска рамка | Буџет | Носител на активност | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Обезбедување бесплатен превоз за лица со попреченост | - финансиски средства;<br>- бр. на жени и мажи со попреченост кои го искористиле правото | - подобрување /олеснување на извршувањето на секојдневните потреби на жените и мажите со попреченост, и подобрување на нивниот социјален живот и вклучување во општеството | јануари - декември 2025 | 300.000 ден. | - Одделение за социјална, здравствена, детска и други заштити, култура и спорт;<br>- Одделение за финансиски прашања. | |

**4.2.4. Покривање на режиските трошоци и трошоци за сервисирање и регистрација на возило на Заедницата на инвалидски организации Гевгелија**

Оваа активност опфаќа покривање на трошоците за електрична енергија, вода и интернет, за завршна сметка, како и трошоци за сервисирање и регистрација на возило на Заедницата на инвалидски организации Гевгелија. Активноста ќе се реализира врз основа на фактури доставени од заедницата.

| Активност | Индикатори | Резултати | Временска рамка | Буџет | Носител на активност | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Покривање на режиските трошоци и трошоци за сервисирање и регистрација на возило на Заедницата на инвалидски организации Гевгелија | - финансиски средства | - подобрување /олеснување на финансиската положба на заедницата и помош за нејзино непречено функционирање | јануари - декември 2025 | 100.000 ден. | - Одделение за социјална, здравствена, детска и други заштити, култура и спорт;<br>- Одделение за финансиски прашања. | |

**4.2.5. Превентивни активности, едукација и третирање на проблеми во вербалната комуникација**

Оваа активност ќе се реализира во ЈОУ Работнички универзитет „Кирил и Методија“ Гевгелија, а опфаќа превентивни активности, едукација и третирање проблеми во вербалната комуникација кај деца, девојчиња и момчиња, односно групна, индивидуална и окупациска терапија за отстранување на говорните општетувања кај децата.

Пријавувањето на децата кои имаат потреба од логопед, е врз основа на јавен повик кој го објавува Општината, услугата е бесплатна за корисниците.

| Активност | Индикатори | Резултати | Временска рамка | Буџет | Носител на активност | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Превентивни активности, едукација и третирање на проблеми во вербалната комуникација | - финансиски средства;<br>- бр. на девојчиња и момчиња кои ја користат услугата | - подобрување на вербалната комуникација кај деца, отстранување на говорните општетувања кај децата | јануари - декември 2025 | 250.000 ден. | - Одделение за социјална, здравствена, детска и други заштити, култура и спорт;<br>- Одделение за финансиски прашања. | |

**МЕРКА 3- РАЗВОЈ НА СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ**

4.3. Активности кои треба да се преземаат за постигнување на мерката - опис на активностите, односно кои чекори ќе се преземаат за реализација на активноста:

**4.3.1. Имплементација на проекти на Министерството за труд и социјална политика и Агенцијата за вработување (Општинско-корисна работа)**

Општина Гевгелија спроведува проект во рамки на програмата Општинско- корисна работа, која има за цел да овозможи социјално вклучување на невработени лица преку нивно ангажирање на определено скратено работно време, заради стекнување на одредени вештини и постепено вклучување на пазар на труд.

| Активност | Индикатори | Резултати | Временска рамка | Буџет | Носител на активност | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Имплементација на проекти на Министерството за труд и социјална политика и Агенцијата за вработување (Општинско- корисна работа) | - финансиски средства;<br>- бр. на жени и мажи вклучени во проектот | - вклучување на невработени лица на пазарот на трудот | јануари - декември 2025 | 40.000 ден. | - Одделение за социјална, здравствена, детска и други заштити, култура и спорт;<br>- Одделение за финансиски прашања; | |

| | |
|---|---|
| **5. Ризици** | Економска и здравствена криза |
| **6. Буџет на програмата и извори на финансирање** | **Буџет: 3.800.000 денари**<br><br>Активностите предвидени во Програмата ќе се финансираат од Буџетот на Општина Гевгелија за 2025 година, како и со средства од:<br>- Министерство за труд и социјална политика;<br>- УНДП;<br>- Здруженија, фондации и други заинтересирани лица;<br>- Други извори. |
| **7. Следење и известување/евалуација** | За резултатите од следењето и реализацијата на активностите од Програмата ќе се подготви Годишен извештај, за којшто ќе биде одговорен раководителот на Одделението, а ќе го подготви во соработка со членовите на интерсекторската група и доставените податоци од релевантните институции. Годишниот извештај го усвојува Советот на Општината и ќе биде објавено во Службениот гласник. Исто така, во соработка со ИТ |

| | |
|---|---|
| | службата ќе се промовираат мерките и резултатите на веб-страната и социјалните мрежи. |
| **8. Завршни и преодни одредби** | За реализација на Програмата, надлежен е Градоначалникот на општина Гевгелија.<br>Програмата влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Гевгелија“. |

Бр.09-1611/1
26.12.2024 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх**
**с.р.**